Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-345/12
02-10-2025 година

Постапувајќи по претставка бр.08-345/1 од 03.04.2025 поднесена од ---------, мајка на малолетниот ---------од Велес, против ООУ --------- од Велес за сторена дискриминација врз основ на образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Република Северна Македонија„ бр.258/2020 од 30.10.2020), го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на образование од страна на ООУ ---------од Велес, кон малолетното дете ---------.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-345/1 од 03.04.2025 година, од ---------мајка на малолетното дете ---------од Велес, против ООУ --------- од Велес за сторена дискриминација врз основ на образование. Во претставката мајката на малолетното дете наведува дека детето во училиштето трпи разни форми на вознемирување, провоцирање и манипулирање од соучениците, дел од наставниците како и од неговите баба и дедо, две години station наназад. Булингот врз детето неколку пати бил пријавуван во стручните служби во училиштето, но не биле преземени ефикасни мерки што резултирало со неуспех на детето во училиштето и одбивност кон одредени предмети и наставници. Според наводите, психолошкото манипулирање на бабата и дедото со детето резултирало со пријава на родителите за насилство врз детето по што детето е одземено од родителите од страна на центарот за социјална работа во Велес и сместено во СОС Детско село во период од еден месец. Поради несоодветното однесување на детето кон другите ученици побарано е од страна на родителите на учениците, детето да биде отстрането не само од одделение туку и од училиштето. Мајката на малолетниот --------- смета дека ваквото однесување на родителите кон дете во ризик и жртва на булинг е недозволиво и преставува дискриминација.

Во врска со доставената претставка, Комисијата испрати барања за писмено произнесување по наводите од претставката до: ООУ--------- во Велес, до ЈУМ Центар за социјална работа Велес, до СОС Детско Село-Скопје, Државен просветен инспекторат и до Сектор за внатрешни работи- Велес .

Во одговорот добиен од ООУ--------- во Велес наведено е дека ученикот ---------е префрлен во ова училиштето во трето одделение, а во учебната 2024/2025 година е ученик во шесто одделение. За наводите на родителот дека ученикот трпи разни форми на вознемирување, провоцирање и манипулирање училиштето потврдува дека ниту ученикот --------- ниту неговите родители не пријавиле такви случувања ниту до класниот раководител ниту до стручната служба. Вознемиреноста на дел од родителите и учениците настанала како резултат на агресивното однесување на детето во и надвор од училиштето, при што во неколку наврати се случиле инциденти во кои бил искршен инвентар и вербално и физички биле нападнати повеќе ученици. Во одговорот на ООУ --------- во Велес се потенцира дека училиштето се придржувало до законските процедури и за настанатите случување се преземале конкретни мерки односно со Одлука на училиштето бр. 02-164/9 од 08.04.2025 година, а согласно Упатството за пријавување и заштита на ученик жртва од која било форма на насилство, злоупотреба и занемарување донесена е мерка за

префрлање на ученикот ---------во друга паралелка. За префрлањето на ученикот во друга паралелка донесена е педагошка мерка врз основа на член 72 од Законот за основно образование и Интерниот правилник за изрекување на педагошки мерки на ООУ --------- во Велес, за поттикнување, предизвикување и учество во физичка пресметка или друго однесување кое може да ја загрози сопствената и туѓата безбедност. Оваа мерка е донесена по извршен вонреден инспекциски надзор и донесено решение бр.03-217/2 од 14.04.2025 година од Општинскиот просветен инспектор. Од страна на училиштето побарана е продлабочена соработка со Центарот за социјална работа во Велес која е одобрена, и е назначен социјален работник кој ќе работи со ученикот. Во училиштето, во однос на овој случај направен е вонреден инспекциски надзор и од Државен просветен инспекторат при што е констатирано дека врз основа на фактичката состојба не се утврдени неправилности во работењето. Истовремено, во одговорот на ООУ --------- се наведува дека по префрлувањето на ученикот --------- во другата паралелка се бележи добро вклопување во наставниот процес и ученикот добро е прифатен од новите соученици.

Во одговорот на ЈУМ Центар за социјална работа Велес се наведува дека во конкретниот случај центарот постапувал по пријава на бабата --------- за насилство од родителите кон детето. Стручниот тим на центарот имајќи ги во предвид сите околности, а пред се потребата за заштита на малолетното дете со решение бр.0922-200/8 од 16.01.2025 година го сместил малолетното дете во згрижувачко семејство во СОС Детско село-Скопје. Истовремено се известува дека центарот во континуитет работи со родителите на детето во поглед на надминување на семејните проблеми. Исто така одржани се координативни средби со стручната служба и директорот на училиштето во однос на реализација на планот за работа со детето.

Според известувањето добиено од СОС Детско село, детето е сместено во згрижувачко семејство во итна постапка, како дете жртва на семејно насилство, во координација со ЦСР Велес и Јавниот обвинител. Во текот на сместувањето стручните лица од Центарот за поддршка на згрижувачки семејства при СОС Детско село делувале во насока на обезбедување на потребната поддршка согласно потребите, однесувањето на детето, поддршка на здравствената состојба на детето и поддршка во образовниот процес (следење на онлајн настава).

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Комисијата ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката и наводите во одговорот на ООУ --------- од Велес како и одговорите на другите вклучени институции, заедно со прилозите кон истите, утврди дека врз подносителот не е сторена директна дискриминација.

Имено, за да постои дискриминација во согласност со член 6 и член 8 став 1 и во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови, односно постоење на дискриминаторски основ, релевантна споредлива ситуација и повреда на право. Ова од причини што во конкретниот случај не се утврдија факти дека е извршена дискриминација врз основ на образование, бидејќи од страна на ООУ --------- биле

преземени сите потребни педагошки мерки за заштита на детето кое поради различни причини се нашло во состојба на ризик. Од добиените сознанија, видно е залагањето на училиштето да се обезбедат услови за нормално продолжување на образовниот процес на ученикот преку создавање на безбедна средина за него и за другите ученици. Истовремено, училиштето го известило и Центарот за социјална работа во Велес кој преземал мерки за заштита на детето како жртва на насилство согласно Законот за семејство и Законот за правда за деца.

Следствено на тоа, не постои никаков основ за понатамошно постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Лимко Бејзароски

Доставено до:

1. Подносителката
2. ООУ ---------„ Велес
3. Архива на Комисијата